РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1449/5

r./v.
10-06-2021

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ДНИДТУ ------- ------------- ДОО -------, Државната комисија за спречување на корупцијата на 49 -та седница, продолжение одржано на ден 08.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-1449 од 2020 година, оформен по пријава бр.12-1449/1 од 28.02.2020 доставена од подносителот ДНИДТУ ------- ------------- ДОО -------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-1449 од 2020 година, во предметниот случај постапил друг надлежен орган и не се потврдени предметните наводи..

Предметот со број 12-1449 од 2020 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1449 од 2020 година е оформен по пријава бр.12-1449/1 од 28.02.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител, ДНИДТУ ------- ------------- ДОО -------.

Во доставената пријава изнесени се наводи против Општина -------, ----------- ------------, Градоначалник на Општина -------, службени лица вработени во Општина ------- кои се одговорни за јавните набавки и ДТИК ----- --------- ---------- увоз – извоз ДООЕЛ Скопје, поради сомневање и сознанија за сторени дејствија на корупција од страна на наведените лица, сомневање за сторена злоупотреба на службената положба и овластување од страна на истите, како и сомневање за извршени влијанија врз службените лица и сторена повреда на законските одредби во постапка за јавна набавка на услуги на Општината со предмет на набавка закуп на рекламен простор за објавување на огласи во дневни весници.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во предметниот случај било постапено и од страна на Државната комисија за жални по јавни набавки, по жалба вложена од страна на подносителот на пријавата како еден од учесниците во постапката и незадоволен од донесената одлука за избор на најдобра понуда, а која жалба му била уважена од Комисијата со образложение дека договорниот орган сторил битни повреди на Законот за јавни набавки во постапката за евалуација на понудите за дел 3 од набавката - закуп на рекламен простор за објавување на огласи во еден дневен весник на албански јазик, како и дека при постапката за јавна набавка не ја утврдил целосно фактичката состојба, по што било донесено Решение од 16.10.2019 година, со кое била поништена одлуката за избор на најповолна понуда, предметот бил вратен на повторно постапување а договорниот орган - Општината се задолжил да постапи по одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од нејзиниот прием во согласност со донесеното решение и дадените напатствија.

Подносителот на пријавата наведува дека од страна на Општината, не било постапено по донесеното Решение на Државната комисија за жални по јавни набавки од 16.10.2019 година, со кое требало по предметот повторно да се постапува и одлучува согласно донесеното решение и напатствија од Државната комисија, а од страна на Градоначалникот на Општината била донесена одлука со која претходно донесената одлука за избор била ставена вон сила и на ден 30.10.2019 година со решение ја поништил јавната набавка во делот 3, за да на 04.12.2019 година има нова објава за истата јавна набавка.

Подносителот бара ДКСК да ги провери предметните наводи и да преземе соодветни мерки по однос на сторената повреда на законските одредби во предметната постапка за јавни набавки и непостапувањето на Општината по решението донесено од второстепениот орган.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Општина ------- по однос на информација за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи.

Во врска со доставеното барање, на ден 17.07.2019 година, добиен е одговор со кој ДКСК се известува дека Општина -------- постапила по Решението донесено од страна на Државната комисија за жални по јавни набавки и била спроведена повторна постапка од страна на Комисијата за јавни набавки следејќи ги упатствата дадени од страна на второстепениот орган, така што ---- ---------- --------- увоз – извоз ДООЕЛ Скопје бил исклучен од понатамошната постапка за јавна набавка на предметните услуги, а при тоа останал единствено прифатлива понудата на понудувачот ------- ------------- ДОО -------,. За предметната постапка согласно одредбите од новиот Закон за јавни набавки од страна на Комисијата бил даден предлог за поништување на истата поради многу високата цена дадена од единствениот понудувач која како таква била неприфатлива за договорниот орган, по што од страна на Градоначалникот на Општината на ден 30.10.2019 година било донесено Решение за поништување на делот од

предметната постапка за јавна набавка за набавка на услуги - закуп на рекламен простор во еден албански весник за потребите на Општината.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во врска со предметниот случај било постапено од страна на надлежен орган - Државната комисија за жални по јавни набавки и било донесено решение по однос на предметната постапка за јавна набавка, а по кое решение било постапено од страна на Општина ---------, по што било спроведено повторување на постапката следејќи ги упатствата дадени од страна на второстепениот орган и било донесено решение за поништување на истата во делот наведен во доставената пријава, па оттаму не се потврдени предметните наводи дека Општината не постапила по решението на второстепениот орган. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот, се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК